# DALI4YOUTH

## Соопштение #4

Ноември 2023

## Локални мрежи

Партнерите од проектот Dali4Youth формираа локални мрежи од млади лица, дигитални уметници, волонтери, младински работници и други релевантни чинители на полето на работа со млади кои прво идентификуваа предизвици и проблеми со кои се соочува младината во нивните земји, и потоа разработуваа и планираа среднорочни активности во нивната заедница со кои се адресираат овие предизвици преку употреба на дигитална уметност.

Во рамките на проектот, партнерите, заедно со нивните локални мрежи, реализираа една локална активност во нивната заедница со која дадоа вреден придонес кон активирањето, поврзувањето и поддршката на личниот и професионалниот развој на нивната локална младина.

## Меѓународна мрежа

По формирањето на локалните мрежи во нивните земји, парнерите обезбедија платформа за поврзување на овие локални мрежи и формираа една меѓународна мрежа на млади дигитални уметници која ја сочинуваат претставници од секоја од земјите која е вклучена во проектот.

Преку оваа меѓународна мрежа, младите дигитални уметници кои се вклучени во неа работат на разработување на можности за реплицирање на некои од идеите на полето на дигиталната уметност во другите земји и пренесување на нивните локални активности на интернационално ниво.

Повеќе информации за членовите на оваа мрежа може да се најдат на веб-страната на проектот dali4youth.eu.

CRES
Centre for Research and European Studies
Future Business

OPEN EUROPE

ZINI FOUNDATION
FOR INNOVATION AND EDUCATION

VOLUNTEERS CENTRE SKOPJE

Ici & Ailleurs